Ј.З.У УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ
бул.Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел. + 389 2 31 47 205
e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 02-488/2
14.12.2023
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 105, 107 и 108 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2022, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023 и 263/2023), Одлуката на Управниот одбор за распишување на јавен конкурс за избор на медицински директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје број 02-488/2 од 14.12.2023 година и членовите 18, 27, 28 и 29 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

## За избор на медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје

Се распишува јавен конкурс за избор на медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, со мандат од четири години.

I. Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да е државјанин на Република Северна Македонија,
2. Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
3. Има завршено високо образование од областа на медицинските, стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;
4. Има минимум пет години работно искуство во здравствена установа,
5. Понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и
6. Поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English:Legal) најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English:First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или
   - АПТИС ( APTIS )- најмалку ниво Б2 (2)

II. Во прилог на пријавата која треба да содржи име, презиме, адреса на живеење, контакт тел и E-mail адреса, како и куса биографија на кандидатот, кандидатите треба да ги достават следните документи:

1. Документ/уверение дека е државјанин на Република Северна Македонија, издаден од надлежен орган и не постар од 6 месеци /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/,

Ј.З.У УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ
бул.Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел. + 389 2 31 47 205
e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk

INTERCERT CERTIFIED
ISO 9001 Q- 003/2016
Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 089
Certification

2. Потврда од казнена/судска евиденција издадена од надлежен суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност од /потврда од Централен регистар,во оригинали, не постари од 6 месеци,
3. Документ за завршен степен и вид на образование/во фотокопија, заверена кај нотар/
4. Потврда за работно искуство од здравствена установа, /оригинал/
5. Програма за работа на јавната здравствена установа во која се јавува на јавниот конкурс
6. Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик /во фотокопија, заверена кај нотар/, не постар од пет години

III. Јавниот конкурс трае 15 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

IV. Пријавите заедно со прилог документите се доставуваат во затворен коверт-до Конкурсната комисија за избор на медицински директор, во архивата на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот или преку пошта со препорачана пратка, на адреса: ул. Мајка Тереза бр.17 1000 Скопје.

V. Некомплетните и ненавремено доставените документи, Конкурсната комисија нема да ги разгледува.

Управен одбор на
ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје